Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 3 (три) дрва ( 2 чемпреси и платан) што се наоѓаат **на бул. "Јане Сандански" бр.9А локал 1 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**По поднесеното,** барање, од [redacted] **ул. "Коста Новаковиќ" бр.42/4-8,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/100** од **27.02.2023** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат **на бул. "Јане Сандански" бр.9А локал 1 – Скопје,** службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата се високи, имаат неуредни крошни и надвиснати гранки над објектот, чии гранки при посилно невреме постои опасност да се скршат и паднат врз објектот, и да предизвикаат материјална или друга штета.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/100/2**
**06.03.2023** година
Скопје
**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

изготвил:
**Игор Трпковски**

контролирал:
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Зоран Лапевски**